Врз основа на член 74 став 1 точка 4 од Законот за внатрешни работи ("Службен весник на РМ" бр. 19/95 и 55/97), министерот за внатрешни работи донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ВРЕМЕТО НА ТРАЕЊЕТО НА ОБЛЕКАТА И ПОСЕБНАТА ЛИЧНА ОПРЕМА НА ПОЛИЦИЈАТА

## I. ОПШТИОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се утврдува времето на траењето на облеката и посебната лична опрема на полицијата во Министерството за внатрешни работи.

Член 2

Под облека и посебна лична опрема во смисла на овој правилник се подразбираат поодделните делови на униформата што на полицаецот му припаѓаат според Уредбата за униформата и ознаките на униформата на полицијата во Министерството за внатрешни работи.

Член 3

Времето на траењето на поодделните делови на униформата се определува на 12, 18, 24, 36, 48, 60, 72, 96 и 120 месеци.

## II. ВРЕМЕТО НА ТРАЕЊЕТО НА ПООДДЕЛНИТЕ ДЕЛОВИ НА УНИФОРМАТА НА ПОЛИЦИЈАТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

### 1. Работна униформа на полицајците

Член 4

Времето на траењето на поодделните делови од работната униформа на полицајците изнесува за:

| | |
|---|---|
| - два пара панталони и капа од материјал камгарн | 24 месеци; |
| - два пара панталони и капа од материјал тергал | 24 месеци; |
| - беретката | 48 месеци; |
| - две кошули со долги ракави | 12 месеци; |
| - две кошули со кратки ракави | 12 месеци; |
| - две вратоврски | 12 месеци; |
| - џемперот | 36 месеци; |
| - долната облека | 24 месеци; |
| - шалот, поткапата и кожните ракавици | 48 месеци; |
| - виндјакната од горетекс материјал | 60 месеци; |
| - кратката виндјакна од кожа и дводелниот комплет за дожд | 60 месеци; |
| - чевлите со потенок ѓон | 12 месеци; |
| - чевлите со подебел ѓон | 24 месеци; |
| - високите специјални чизми | 60 месеци; |
| - два пара волнени чорапи - доколеници | 12 месеци; |
| - четири пара памучни чорапи | 12 месеци. |

Времето на траењето на поодделните делови од работната униформа на полицајците-припадници на Единицата за специјални задачи и на полицајците кои вршат обезбедување на локалитетите "Солунска Глава", "Рамно", "Здуње и Белица" "Водно", "Глумово" и "Камник" е тројно поголемо од времето на траењето на поодделните делови од работната униформа на останатите полицајци.

Времето на траењето на високите специјални чизми за полицајците-припадници на Единицата за специјални задачи изнесува 24 месеци, а за полицајците од Полициската станица за службени кучиња, 36 месеци.

**2. Работна униформа на полицајките**

Член 5

Времето на траењето на поодделните делови од работната униформа на полицајките изнесува за:

| | |
|---|---|
| - здолниште од материјал камгарн | 24 месеци; |
| - здолниште од материјал тергал | 24 месеци; |
| - 6 пара хулахоп-чорапи | 12 месеци; |
| - 5 пара зимски хулахоп-чорапи | 12 месеци; |
| - чевлите-салонки | 12 месеци; |
| - чевлите со ластик | 24 месеци; |
| - чантата | 48 месеци. |

Времето на траењето на другите делови од работната униформа на полицајките е исто како и времето на траењето на соодветните делови од работната униформа на полицајците.

**3. Делови што припаѓаат покрај работната униформа на полицајците и полицајките**

Член 6

Времето на траењето на пооделните делови што припаѓаат покрај работната униформа на полицајците и полицајките за широкиот ремен со шнола, тесниот ремен со шнола, футролата за пиштол, футролата за резервна рамка, футролата за лисици за врзување, футролата за батериска лампа и футролата за клучеви изнесува 48 месеци.

**4. Свечена униформа**

Член 7

За сите полицајци, времето на траењето на деловите од свечената униформа и тоа: сако, паталони, мантил, шапка, кошула со долги ракави, вратоврска, плитки чевли и чорапи, се определува по потреба.

**5. Униформа за извршување на посебни и специјални задачи**

Член 8

Времето на траењето на поодделните делови од униформата за извршување на посебни и специјални задачи, изнесува за:

- маскирната униформа на полицајците 60 месеци;
- маскирната униформа на полицајците кои вршат длабинско обезбедување на државната граница и полицајците кои вршат обезбедување на локалитетите "Солунска

Глава", "Рамно", "Здуње и Белица", "Водно", "Глумово" и "Камник" 36 месеци;

- маскирната униформа на полицајците - припадници на Единицата за специјални задачи 24 месеци;
- маскирната униформа на полицајците-припадници на Посебните единици 48 месеци;
- маскирната дождовна наметка (пелерина) 48 месеци;
- маскирниот комбинезон и комбинезонот со црна боја на полицајците-припадници на Единицата за специјални задачи 24 месеци;
- маскирниот комбинезон и комбинезонот со црна боја на полицајците-припадници на Посебните единици 48 месеци;
- комбинезонот со влошка изработен од горетекс материјал во црна боја 48 месеци;
- маскирните ракавици со пет прсти, маскирните ракавици без прсти, маскирната мрежеста маска за лице, мрежестата маска за лице во црна боја, маскирната влошка за шлем, маскирната платнена наметка за шлем и маскирната мрежеста наметка за шлем 48 месеци;
- тактичкото елече во црна боја, маскирното тактичко елече, борбениот маскирен балистички елек, маскирниот транспортен ранец, маскирниот борбен ранец, маскирниот подметнувач, тактичката футрола за пиштол, футролата-држач за батериска ламба, за хемиски спреј и навлаката за прибор и прва медицинска помош 48 месеци;
- белата униформа за зимски услови 60 месеци;
- планинарската униформа 60 месеци;
- скијачката униформа 60 месеци;
- униформата за моторциклисти 36 месеци;
- белата униформа за моторциклисти 36 месеци;
- униформата за посадите на оклопните транспортери 60 месеци.

**6. Дополнителни делови на униформата**

Член 9

Времето на траењето на дополнителните делови на униформата, кои им припаѓаат на полицајците, изнесува за:

- стражарската бунда 72 месеци;
- работниот костум 12 месеци;
- флуоросцентното елече 48 месеци;
- гумените чизми 12 месеци;
- чакширите 60 месеци;
- коњаничките чизми 60 месеци;
- мамузите 60 месеци;
- флуоросцентните долактици 18 месеци;
- пишталката со гајтан 72 месеци;
- торбата 96 месеци;
- очилата за сонце 60 месеци;
- беџот на дежурниот 24 месеци;
- ранецот 120 месеци;
- шлемот 120 месеци.

**7. Униформа за резервниот состав**

Член 10

Времето на траењето на маскирната униформа и на дополнителните делови на униформата на припадниците на резервниот состав на полицијата, се определува по потреба.

**8. Цивилна облека**

Член 11

Времето на траењето на деловите од цивилната облека на полицајците кои вршат работи и задачи на внатрешното обезбедување во објекти и на личности кои се обезбедуваат изнесува за:

| | |
|---|---|
| - сако, два пара панталони, три кошули, елек, две вратоврски, четири пара чорапи и два пара чевли | 12 месеци; |
| - мантилот, ременот и кожните ракавици | 48 месеци; |
| - шалот | 24 месеци. |

Член 12

На полицаецот нема да му се заменат деловите на униформата по истекот на предвиденото време на траење пропишано со овој правилник:

1. За онолку месеци за колку што се наоѓал на боледување или бил оддалечен од работа од Министерството за внатрешни работи;
2. За онолку месеци за колку што извршувал други работи и задачи, а за чие извршување не носел униформа и
3. Ако до пензионирањето по сила на закон му преостанале помалку од 12 месеци.

III. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 13

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за времето на траење на облеката, чевлите и посебната лична опрема на полицајците за кои се обезбедуваат средства во Буџетот на Републиката ("Службен весник на РМ" бр. 44/94).

Член 14

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 162-279/1
8 јануари 2002 година
Скопје

Министер,
за внатрешни работи,
**Љубе Бошкоски,** с.р.